# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КРЕДИТ КАЈ МЕЃУНАРОДНИОТ ФОНД ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ИФАД, ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

**Сл.Весник на Р.Македонија бр. 107 од 19.12.2000 година**

**Член 1**

Република Македонија се задолжува кај Меѓународниот фонд за развој на земјоделството, ИФАД, со кредит во износ од 6,2 милиони Специјални права на влечење (8.044.000,00 САД долари), за реализација на Проектот за финансиски услуги во земјоделството.

**Член 2**

Од името на Република Македонија договорот од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

**Член 3**

Рокот на отплата на кредитот од член 1 на овој закон е 40 години вклучувајќи грејс период од десет години. Кредитот се отплатува во 59 еднакви полугодишни рати во износ од 103.334,00 Специјални права за влечење кои пристигнуваат за плаќање на 1 март и 1 септември секоја година почнувајќи од 1 март 2011 година, заклучно со 1 март 2040 година и една рата во износ од 103.294,00 Специјални права за влечење која ќе пристигне на 1 септември 2040 година.

Кредитот е без камата, а на неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија во износ од три четвртини од еден процент годишно.

Провизијата од ставот 2 на овој член ќе се плаќа полугодишно на 1 март и 1 септември секоја година.

**Член 4**

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплатува со средства од Буџетот на Република Македонија, кои ќе се формираат со отплата на кредитот од страна на крајните корисници.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".